Universiteti i EJL ne Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar / Примено / Received | 21.03.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. / Орг.Един. / Org.unit | Numer / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Vlëra / Вредност / Value |
| 03 | 619 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 19-444/11
10.03.2017 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование (“Службен весник на Република Македонија” број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 1. седница одржана на 24.02.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиска програма „Јавна управа и администрација“ трет циклус студии на Факултет за јавна администрација и политички науки при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово**

1. Се акредитира студиска програма **„Јавна управа и администрација“ трет циклус студии на Факултет за јавна администрација и политички науки при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Доктор на науки по јавна управа и администрација,** Научно - истражувачко подрачје: Јавна управа и администрација, научно - истражувачко поле: Јавна управа, научно - истражувачка област: Друго.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**Образложение**

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Факултет за јавна администрација и политички науки во Тетово, трет циклус студиска програма „Јавна управа и администрација“, на 01.12.2016 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 1. седница одржана на 24.02.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков